ГОДИШНА РЕВИЈА НА НАСТАНИ 2025

# 19 години OHRIDNEWS.com

информирај се




hotel CINGO

ASPPAK

PE LOGISTIC

Печатница Коста Абраш

стоматолошки центар Д-р БАТКОСКИ
најдоброто за вашите заби

стоматолошки центар
Д-р БАТКОСКИ
најдоброто за вашите заби

НАЈДОБРОТО ЗА ВАШИТЕ ЗАБИ
ВАШАТА НАСМЕВКА Е НАША ОБВРСКА

YOUR CLEAR ALIGNER Dr. BATKOSKI

DITRON IMPLANT CENTER Dr. BATKOSKI

@Dr.Batkoski @dr_batkoski




www.viafarm.mk
со еден клик до Вашиот
посакуван производ!

@ViaFarmApteki
@via_farm

# 19 ГОДИНИ OHRIDNEWS – ПРИКАЗНА ШТО ЈА ПИШУВА ОХРИД, А СЕ ЧИТА НА ЦЕЛА ПЛАНЕТА



Во време кога интернетот во Македонија сè уште ги правеше првите чекори, во 2006 година се појави портал што ги постави темелите на новото, дигитално новинарство. Таа година беше роден ohridnews.com – медиум што со текот на времето стана повеќе од информативна платформа. Стана навика, партнер, доверлив глас и огледало на случувањата во Охрид и пошироко.

Речиси две децении подоцна и 200.000 објавени вести, поголемиот дел авторски текстови, OhridNews останува препознатлив по својата професионалност и квалитет. Порталот беше сведок на сите големи настани што го обликуваа градот и регионот изминатите две децении, секогаш меѓу првите што ги пренесуваа информациите, точни, јасни, проверени и објективни.

OhridNews одамна не е само текст. Тој е и богата видео продукција, од кратките „1 минута вести“ кои станаа заштитен знак, до подкасти, интервјуа, документарни филмови, креативни видеа и преноси во живо што низ годините ја збогатија медиумската сцена. Растеше технологијата, растеше публиката, растеше и порталот – но вредностите останаа исти.

Новото време носи можности и предизвици. Ние ги следиме трендовите, но остануваме цврсти во определбата успехот да го градиме со професионален однос, почитување на етиката и објективноста. Довербата е нашиот најголем капитал. Затоа ќе продолжиме да информираме точно, навремено и одговорно, и да се бориме за квалитет во онлајн просторот, каде битката сè повеќе се води за кликови, а не за вистината.

Во време кога интернетот е преполн со врева, OhridNews и понатаму избира да биде јасен глас. Портал кој не брка сензации, туку информации со значење. Портал кој не ги брои лајковите, туку вредностите.

Пред вас е Годишната ревија на настани за 2025 година во која се поместени случувањата кои ја одбележаа годината што измина и ги издвојуваме успешните приказни што се позитивен пример за заедницата.

**Горан Момироски - Основач и главен уредник на порталот OhridNews**


**„Годишна ревија на настани 2025 - БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ“**

**Издава:** Друштво за интернет портали „Нимо – Охридњуз“ ДООЕЛ - Охрид

**Главен уредник:**
Горан Момироски

**Новинари:**
Горан Момироски
Наташа Смоковска Јованова

**Графички дизајн:**
Антонио Стаматоски
(Art Space Design)

**Фото:**
Анамарија Момироска

**e-mail:** contact@ohridnews.com

**Печати:**
„Коста Абраш“ - Охрид


**www.ohridnews.com 2025 - Сите права задржани**

## По 6 години извршен вештачки мрест на пастрмката

По пауза од шест години, во јануари 2025 година се изврши вештачки мрест на пастрмка во Охридското Езеро. За таа цел НУ Хидробиолошки завод Охрид и Институтот за сточарство во Скопје кој има инсталации за порибување во Струга, обезбедија 1 милион и педесет илјади зрна икра од охридска пастрмка.



## Поправен стариот дрвен крст кој се фрла на Водици во Охрид

Благодарение на вештите раце на охридскиот копаничар Кочо Аиноски, оштетените делови од дрвениот крст повторно се составени и оваа реликвија чија старост се проценува на неколку децении, а според некои околу еден век, и во иднина ќе биде дел од големата Богојавленска традиција во Охрид.



## Светиот крст во рацете на Мартин Гоџо

Мартин Гоџо од Варош го фати светиот крстот што на празникот Богојавление Водици, беше положен во осветените води на Охридското Езеро. Тој беше најсреќен помеѓу неколкуте стотини капачи. Мартин светиот крст го фати и во 2022 година.

-Ова е огромна чест за мене, мојата фамилија, мојата тајфа, изјави тогаш Мартин Гоџо.



## Традиционално зимско капење на „рибарите“ и пливање по бурето

Богојавленските празнувања во Охрид традиционално беа заокружени на 20 јануари, на празникот Св. Јован, со народен собир на Сараиште и традиционалното зимско капење на тајфата на фаќачот на крстот, која заплива и по бурето со вино во студените езерски води.



★★★ хотел
ЧИНГО






hotelcingo.com.mk I +389 (0) 78 352 571 I hotelcingo@t-home.mk

## За еден месец одземени 116 рибарски мрежи

Од почетокот на годината Езерската полиција заплени 116 рибарски мрежи со различна големина на окца и должина од 6120 метри, како и улов од 293 парчиња различна риба со вкупна тежина од 51,4 килограми. При преземените мерки, констатирани се 14 прекршоци по Законот за внатрешна пловидба за што се поднесени и соодветни пријави, информираше на 4 февруари СВР Охрид.




## Врачена наградата „Григор Прличев“ на лауреатот Андреј Ал-Асади

На свеченост што се одржа на 6 февруари во НУ Центар за култура „Григор Прличев“, беше врачена наградата за најдобра поема на лауреатот Андреј Ал-Асади за поемата “Никогаш пред ил’ потем” под шифра “Хидаспес”.
-Темата на поемата е една интраперсонална борба на една од најинтересните личности во нашата историја, Александар Македонски, истакна лауреатот Ал-Асади.



## „Големо Срце” за охридската хуманитарка Весна Миленкоска

Охриѓанката Весна Миленкоска, хуманитарка чие „кисело лепче” е најомилено во семејствата каде го донира секој четврток, се закити со признанието „Големо Срце”, што четврта година по ред го доделува Здружението на жени менаџерки „Елит”. Акцијата „Зготви и подари“ која ја реализира Миленкоска во соработка со хумани граѓани трае повеќе од четири години, а помошта е стигната до голем број социјално загрозени семејства.



## Метар квадратен во центарот на Охрид достигна рекордни 4000 евра

Цената на новоизградените станови и станбените објекти во градба долж крајбрежјето и во центарот на Охрид достигна рекордни 4.000 евра за метар квадратен. Во новоградбите во централното градско подрачје, како најатрактивни локации, цената на метар квадратен станбен простор се движи од 1.500 до 3.000 евра. Цените на становите во Охрид беа топ тема во македонските медиуми во февруари во Охрид.



## Глобалниот корпоративен данок „Костал“ ќе го плаќа во Македонија

„Костал“ е првата компанија која се согласи глобалниот корпоративен данок да го плаќа во Македонија, што значи дополнителни средства во македонскиот буџет, развој и нови работни места. Ова беше истакнато на Глобалната конференција на добавувачи и логистика на дивизијата за автомобилска електроника, што се одржа во февруари во Охрид во организација за команијата „Костал - Македонија“.



## Реновирано Интерното одделение во Општата болница

Одделот за внатрешни заболувања при ЈЗУ Општа болница Охрид целосно е реновиран. Со зафатот осовремени се болничките соби, работните простории, кабинетите, санитарните јазли и ентериерот. Вкупната вредност на проектот изнесува 4.500.000 денари, а средствата се обезбедени од сопствени извори и донатори.



ASPPAK
RASCHEL AND MONOFILAMENT FABRICS

CONNECTING with CUBA LIBRE
www.cubalibre.mk

## Бојан Мартиновски ќе раководи со Основен суд Охрид

Судскиот совет на РСМ на 10 март, за вд Претседател на Основен суд Охрид го избра судијата Бојан Мартиновски. На седницата што се одржа на 24 јули Мартиновски беше избран за Претседател на охридскиот суд со редовен мандат. Тој е судија 21 година. Претходно, Судскиот совет за судии на Основен суд Охрид ги избра Елена Балевска и Илсен Салиеска Патилоска.




## Охрид доби нов ресторан со брза лента за послужување

Специјализираниот ресторан во Кампинг Љубаништа со брза лента за послужување, е прв од таков вид во регионот. Модерно уреден, овој угостителски објект од отворен тип нуди врвна услуга која, освен организираните групи, ќе може да ја користат сите гости во кампот кој продолжува да ја збогатува својата понуда со нови содржини кои привлекуваат се повеќе туристи од година во година.



## Охрид авионски се поврза со Истанбул

Со свечен пречек на првите патници на 27 март на охридскиот аеродром „Свети Апостол Павле“, беше означен официјалниот старт на новата авио линија од Истанбул до Охрид. Таа треба да придонесе за развој на туризмот и локалната економија. За почеток истата ќе биде од сезонски карактер, а се прават напори авио линијата Охрид – Истанбул да стане редовна.




## Македонците во Европа не ги заборават делата на охриѓанецот Анастас Коцарев

На 29-ти март, во предградието на Париз, во општина Бонди, се ордржа настан на кој се одбележаа 135- годишнината од раѓањето на д-р Анастас Коцарев и 94-годишнината од неговата смрт. Анастас Коцарев е светско познато име во медицината во првата половина на XX век. Во историјата на светската медицина е запишан како прв кој направил рендгенографија на фотографска плоча на пациент заболен од рак. Како  патриот се залагал  Македонија да добие сопствена држава уште по Првата светска војна.



Трпе Инвест

*Иднина полна надеж*
*започнува со квалитетен дом*









www.trpeinvest.mk
info@trpeinvest.mk
+389 77 60 63 33

# ЦРН 16. МАРТ ВО МАКЕДОНИЈА

## 63 ЛИЦА ЗАГИНАА ВО ПОЖАР ВО ИМПРОВИЗИРАНАТА ДИСКОТЕКАТА „ПУЛС“ ВО КОЧАНИ

Во пожар што избувна на 16 март околу 3 часот во импровизираната дискотеката “Пулс” во Кочани, за време на концерт на групата “ДНК”, животот го загубија 63 лица, во најголем дел млади на возраст помеѓу 16 и 48 години.

Причина за пожарот била несоодветна употреба на пиротехнички средства од кои се запалил кровот кој бил обложен со лесно запалив материјал.

Во пожарот загина пејачот на „ДНК“, Андреј Ѓорѓиевски, кој првично преживеал, но при обид да се врати во клубот да помогне во спасувањето го загубил животот. Покрај него загинаа и придружната пејачка Сара Пројковска, фотографот на групата, Александар Ефремов, тапанарот Ѓорѓи Ѓоргиев и клавијатуристот Филип Стевановски, а по седум месеци на повредите им подлегна и вториот пејач на „ДНК“ Владимир Блажов – Панчо.

Во пожарот загинаа и фудбалерот на ФК Шкупи, Андреј Лазаров, претрпел тешки повреди при вдишување на чад додека се обидувал да помогне во спасувањето, Дамјан Танески - млад фудбалски голман од Штип, како и Петар Ивановски, кошаркар на Баскет Дино деликатес. Жртви на пожарот беа и полицаец кој бил на службена должност, возач на брза помош кој превезувал жртви и повредени од пожарот.

Најголем дел од жртвите на пожарот се жители на Кочани и околните градови и населени места.

Пожарот во Кочани е најсмртоносниот во историјата на Македонија и најсмртоносниот пожар во Европа по пожарот во ноќниот клуб „Колектив“ во Романија во 2015 година. Кочани е трета најголема трагедија во земјава според бројот на жртви, веднаш по авионските несреќи на „Палер Македонија“ во 1993 година во Скопје кога загинаа 86 лица, односно на „Авиоимпекс“ во Охрид подоцна истата година, во која животот го загубија 116 патници и членови на екипажот. Кочанската трагедија е настан со најголем број на вкупно повредени лица во историјата на државата - 193.

Пожарот во дискотеката која била сместена во градба што претходно служела како магацин за теписи, и која имала само еден влез кој бил користен и како излез од објектот кој ни од далеку не ги задоволувал законските прописи и норми, а функционирал непречено и добивал дозволи за работа, отвори многу прашања за безбедносните пропусти и системски грешки што довеле до трагедијата.












Во знак на револт беа организирани повеќе протести ширум земјата, а во Кочани секоја сабота роднините на загинатите маршираат барајќи одговори и правда.

За случајот се обвинети 35 лица и 3 фирми. Судскиот процес е во тек.



## Охрид се солидаризираше со Кочани

Траорна атмосфера владееше во целата државата поради големата трагедија што се случи во Кочани. Во Охрид државното знаме во центарот на градот беше спуштено на половина копје, а охриѓани сочувствуваа со семејствата на жртвите од оваа незапамтена трагедија.

Во знак на солидарност, охридските средношколци на 18 март одржаа мирен протест со кој им оддадоа почит на настраданите во несреќата во Кочани.



На 23 март на градскиот плоштад во Охрид се одржа 60 минутен молк во знак на почит кон жртвите од трагедијата во Кочани.

Градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков, изрази сочувство до семејствата на настраданите во пожарот во Кочани, а Советот на Општина Охрид на вонредна седница донесе одлука за одобрување на финансиска помош во износ од 1.000.000 денари за семејствата на настраданите и повредените лица во кочанската трагедија.

Голем број граѓани на Охрид, компании, организации, училишта и здруженија се придружија на апелот за помош на настраданите од пожарот во Кочани преку акции и донации.







## Снегот во април предизвика големи штети кај овошките во Охридско

Снегот и ниските температури што на почетокот од месец април го зафатија Охридскиот регион, предизвикаа значителни штети кај овошките. Во овој период во Охрид и охридско целосно е расцветана сливата, некои порани сорти на цреша, а големи измрзнувања има и кај охридската цреша и јаболката. Штетите на места се 95-99%, се пожалија охридските земјоделци.



## Проф. Дичевска реизбрана за декан на ФТУ Охрид

На 35-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, проф. д-р Снежана Дичевска, редовен професор на Факултетот, ја доби поддршката на колективот за реизбор на функцијата декан. Со оваа одлука, таа го почна вториот тригодишен мандат на чело на ФТУ – Охрид.



## Почина новинарот Илче Стојаноски

На 21 април на 75 годишна возраст почина новинарот Илче Стојаноски. Тој целиот професионален работен век го помина во Центарот за печат и радио Охрид. Беше водител на емисиите „Настани“, „Во сабота со Вас“, „Радио берза“ и „Охрид во моите спомени“ од која произлегоа две книги со ист наслов „Кажвиме за да не се заборајт“. Автор е и на книгите „Охридски времеплов 1848-1948“ и „Охридски вистини, случки, приказни и факти од минатото“, како и на ДВД изданието „Охрид во моите спомени“. Како пензионер го промовираше Охрид преку ФБ страницата „Охрид, убав мил“.



## 120 години од смртта на Христо Узунов

Со свечена академија што се одржа на 23 април, Охрид одбележа 120 години од смртта на големиот револуционер Христо Узунов.

-Оваа исклучителна личност од македонската историја, учител, револуционер, војвода, организатор на македонската борба за слобода и бескомпромисен борец за татковината не прави особено горди и среќни што сме негови потомци охриѓани и Македонци, истакна градоначалникот на Охрид Кирил Пецаков на свечената академија што се одржа во спомен куќата на Христо Узунов.



KOSTAL


СРЕЌНИ
ПРАЗНИЦИ
Dva Bisera
EKSTRA SKOPSKO
ЖИТО ЛЕБ
BAKERY SINCE 1948
PARK

## Изгореа 200 000 м2 трска

Од почетокот на годината до месец мај, на брегот на Охридско Езеро, во заштитени подрачја, покрај реки и ретки природни резервати, се случиле шест пожари во кои изгореа околу 20 хектари трска, или околу 200 000 метри квадратни природа. Причина за пожарите е човечки фактор. Штетата е огромна, затоа што со пожарите не се уништува само трската, туку и природните живеалишта на многу видови флора и фауна.



## Потпишан меморандум за соработка помеѓу Општина Охрид и Пула

Документот на 6 мај во Пула го потпишаа градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков и градоначалникот на хрватскиот град Пула, Филип Зоричиќ. Двете општини се обврзаа на соработка во областа на економијата, културата, образованието, туризмот, науката и истражување, ИТ технологии, младински прашања, здравство и социјална политика, јавни услуги, заштита и зачувување на културното наследство, заштита на природната средина, спорт и други области од взаемен интерес.



## Охриѓани најдобри на „Балкан Јуниор“ и „ROBOMAC Junior 2025“

Андреа Савиќ и Славчо Мургоски, ученици во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ најдобри на меѓународниот натпревар во мехатроника, инженерство и електротехника „Балкан јуниор“, што во месец мај се одржа во Велење, Р. Словенија. Нивниот соученик Кристијан Толески, пак, освои златен медал на натпреварот во роботика, вештачка интелигенција и електроника за учениците во средните училишта од Македонија – ROBOMAC Junior 2025.



## Многу отпад собран во акцијата „Генералка Викенд“

Голема количина на ПЕТ амбалажа и мешан отпад беа собрани во еколошката акција „Генералка Викенд“ која беше спроведена на повеќе локации в долж Охридското Езеро. Целта на акцијата во која беа вклучени Општина Охрид, јавните претпријатија, училишта, еко активисти и општествено одговорни компании, е подигнување на еколошката свест за одговорност кон животната средина и природата.



MAKEDONSKI BREND

TALEVI

SINCE 1924

HAND MADE



## Поставени куќарки за птици на Охридското кале

На иницијатива на вработените од Македонија осигурување – Виена Иншуренс Груп, а во соработка со Одделението за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата при општина Охрид, на потегот покрај пешачката патека од Горна порта до Лабино и Канео поставени се 30 дрвени куќички за птици.



## Охридските матуранти танцуваа на градскиот плоштад

На 21 мај се одржа традиционалната матурска парада на градскиот плоштад во Охрид, на која учество зедоа над 400 матуранти од сите средни училишта во градот. Тие го изведоа танцот „Квадрил“ со што на симболичен начин го одбележаа преминот од средното образование кон новите животни предизвици. Исто така, од настанот беше испратена порака за мир и толеранција.



## Св. Кирил и Методиј се темел на нашата духовна и културна самобитност

Светите Кирил и Методиј, браќата благородни по срце и ум, ни го оставија најголемиот подарок - писмото, словото, гласот на нашиот идентитет. Го празнуваме делото на нашите првоучители, светилници на словенската писменост и темелот на нашата духовна и културна самобитност, рече во обраќањето претседателот на Владата, Христијан Мицкоски на Свечената академија што се одржа во катедралната црква „Света Софија“ во Охрид.



## Отворен „Охрид Мол“

Во присуство на бројни гости, соработници, партнери, закупци и пријатели, на 28 мај свечено почна со работа долгоочекуваниот трговски центар „Охрид Мол“ кој за краток период прерасна во нова современа дестинација во Охрид и регионот. Со површина од над 17.000 м2 „Охрид Мол“ претставува комбинација на мода, забава и нов културен и економски импулс на градот.



ДОАЃА ВО 2026 ГОДИНА

exploreohrid.com



## Дива мачка регистрирана во пештерата Свинска стрна

Камера поставена пред пештерата Свинска стрна регистрираше дива мачка што ја користи оваа пештера во Националниот парк Галичица како привремено живеалиште. Овој загрозен вид на главата има кратка муцка и кратки уши. Телото и е покриено со густо сиво-кафеаво крзно, со напречни темни шарки и една темна по должината на грбот. На кратката дебела опашка има црни прстени и црн врв. На предните нозе има пет прсти, а на задните четири. Живее во шуми со шумски чистини. Има одлично развиен слух, вид и допир, а послабо развиен мирис.



## „Кревање Крсти“ – вековно сведоштво на верата и заедништвото

На Духовден во храмот „Свети Пророк Илија“ во Елшани се одржа една од највпечатливите и најмасовни манифестации на православната традиција — „Кревање Крсти“. Стотици верници, млади и стари, се собраа во црковниот трем каде што со молитва и духовен занес избраа икона преку традиционално лицитирање.Овој настан, кој се одржува со генерации наназад, уште еднаш ја покажа силната врска на елшанци со православната традиција и нивната желба да го пренесат духовното наследство на идните поколенија.



## Игуменот Георгиј нов Митрополит на Дебарско-кичевската епархија

Неговото Високопреподобие, игуменот Георгиј (Ѓорѓевски) на седницата одржана на 12 јуни, на Светиот Архијерејски Синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија беше едногласно избран за нов митрополит Дебарско-кичевската епархија. Тој е избран на местото на упокоениот митрополит Тимотеј. Отец Георгиј (Ѓоко Ѓорѓевски) е поранешен декан на Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ и поранешен амбасадор во Ватикан.



## Рехабилитиран патниот правец Охрид – Св. Наум

Со свеченост што се одржа на 13 јуни, во употреба беше пуштен обновениот патен правец Охрид - Св. Наум. Патот целосно е реконструиран во должина од 24,3 километри за што државата вложи 11,7 милиони евра, средства обезбедени од буџетот на ЈП Државни патишта. Освен нов асфалт, поставена е нова заштитна ограда и соодветна сигнализација. Овој пат ги поврзува туристичките капацитети на источното крајбрежје и манастирот Св. Наум, и е дел од регионалната врска со Албанија.



## Почина д-р Вероључб Василевски

Во 86 година од животот почина познатиот доктор интернист Вероључб Василевски - еден од основоположниците на модерното здравство во Охрид. Д-р Вероључб Василевски долги години беше директор на Општата болница во Охрид, а раководеше и со општинската организација на Црвениот крст Охрид.



## Охрид 45 години под двојна заштита на УНЕСКО

Законите да се почитуваат и применуваат, институциите да делуваат, да се намали урбанизацијата и притисокот врз Охридско Езеро со пловила и загадување, а масовниот туризам да се замени со одговорен туризам и да има поголема едукација на граѓаните, особено на најмладите, за уникатните вредности на Охрид. Овие пораки беа испратени од трибината „Охрид 45 години светско културно наследство под заштита на УНЕСКО (1980-2025)“ што се одржа во организација на ЗГ „Eco Balance Tree“, со поддршка на Општина Охрид.



## Денот на Езерото свечено одбележан во Охрид

Со богата програма во Охрид се одбележа Денот на Охридското Езеро – 21 Јуни. Во рамки на прославата се одржа и возобновениот Фестивал „Balkan Music Square“ на кој настапија реномирани музички имиња од земјава и регионот, а беше организирана и изложба на фотографии со мотиви од Охридското Езеро.



## Опаѓа бројот на запишани првачиња во охридските училишта

Продолжува трендот на опаѓање на бројот на запишани првачиња во охридските основни училишта. Во учебната 2025/2026 година се запишале 422 првачиња, што споредбено со минатата учебна година е помалку за 13, кога беа запишани 435 првачиња. Во учебната 2023/2024 година бројот на запишани првачиња бил 445, а во учебната 2022/2023 образовниот процес го започнале 523 првачиња.



## 64. издание на Балканскиот фестивал

Со концерт на Националниот ансамбл „Танец“, на 4 јули беше отворено 64. издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри. Оваа најстара фолклорна манифестација на Балканот, што се одржува во организација на Центарот за култура „Григор Прличев“ Охрид, ја негува богатата културна традиција на народите преку песна и игра.




## Бакар преточен во уметност

Со изложба на 25 дела инспирирани од богатото културно наследство и традицијата која е нераскинлив дел од животот на овие простори, што се одржа на 5 јули во охридската гимназија, охриѓанката Данче Наумоска одбележа 25 години уметничко творештво со бакар. Во оваа изложба се претставени петте фази на животот како постојан циклус на нашето постоење, преку симболиката на виното, истакна Наумоска.



## Охрид доби рок од 1 година за зачувување на статусот во УНЕСКО

Комитетот за светско наследство на УНЕСКО на 47 сесија што се одржа на 10 јули во Париз, донесе одлука со која на Македонија и Албанија им се даде дополнително една година за спроведување на корективни мерки, односно временска рамка за имплементација на активностите за зачувување на статусот на Охридскиот регион како заштитено светско природно и културно наследство.



## Ој љубов, љубов“ – староградска пловидба со ВИС „Билјана”

Еден од најавтентичните настани во Охрид последните години, „Ој љубов, љубов“ – староградска пловидба со ВИС „Билјана”, се одржа на 12 јули, по шести пат, во рамки на Алтернативното културно лето што го организира Културолошка иницијатива 5 до 12. Настанот, годините наназад предизвикува огромен интерес и е вистинско освежување во културната понуда на Охрид.



**CAMPING**

LJUBANIŠTA

## Отворено јубилејното 65. „Охридско лето“

Во присуство на голем број јавни личности, државниот врв, претставници на дипломатскиот кор, како и вљубеници во културата и уметноста, со концерт на американска пијанистка со блескава кариера Клер Хуангчи на исполнетиот Антички театар, на 12 јули свечено беше отворено јубилејното 65. издание на фестивалот„Охридско лето“.

## Востоличен новиот Митрополит Дебарско – кичевски Георгиј

На црковна церемонија што се одржа на 13 јули во храмот Св. Софија во Охрид, Македонската православна црква – Охридска архиепископија го востоличи новиот Митрополит на Дебарско – кичевската епархија Георгиј. Претходно Светиот архиерејски синод МПЦ-ОА, едногласно го избра архимандритот г. Георгиј (Ѓорѓевски) за митрополит на Дебарско-кичевската епархија, како наследник на упокоениот митрополит Тимотеј.





## Пуштен во употреба дел од автопатот Охрид - Кичево

Со свеченост што се одржа на 13 јули, во употреба беа пуштени 20 километри од автопатот Кичево – Охрид, од Врбјани до Ботун. Подоцна беше пуштена во употреба и делницата од Охрид до Требеништа, а интензивно се градат и пристапните патишта за околните села. Автопатот целосно треба да биде завршен до крај на 2026 година.

## Наградената дебитантска книга од Енис Хилми промовирана во Охрид

Пред многубројна домашна публика и гости, на 19 јули во Охрид беше промовирана збирката раскази „Берлин, градот што не го засакав на прва“, на Енис Хилми, добитник на наградата „Новите“ од издавачката куќа Темплум, за најдобар дебитантски прозен ракопис во 2024 година.





## Осмо издание на Beach Film Festival – Охрид

Со проекции на над шеесет современи европски филмови, мастер-класови, дискусии и жив фестивалски дух покрај езерото, заврши осмото издание на Beach Film Festival – Охрид, фестивалот на нов европски филм што се одржуваше од 23 до 27 јули во Охрид. Ова издание имаше хуманитарен карактер, сите средства од продажба на билети беа донирани за погодените семејства и повредените од трагедијата во Кочани.



## Со изложба на Анамарија Момироска и Ива Јовановиќ отворен КЦ „КУЛТ“

Со изложба на талентираните млади охридски фотографки Анамарија Момироска и Ива Јовановиќ и поетски перформанс, на 30 јули свечено беше отворен Културниот центар „КУЛТ“. Присутните имаа можност да ужуваат и во поезијата на тројца наши поети, младата Мила Коруновска, реномираниот поет Ѓоко Здравески и познатата охридска поетеса Долорес Атанасова Лори. На гитара ги придружуваше талентираниот Јон.







## Осветена црквата Св. Атанасиј во Горно Лакочереј

Малата црква Св. Атанасиј Александриски во Горно Лакочереј беше претесна да ги прими верниците кои дојдоа да присуствуваат на големиот чин. Осветувањето на 3 август го изврши неговото високо преосвештенство Митрополитот Дебарско-кичевски Георгиј заедно со свештенството на епархијата. Храмот посветен на Св. Атанасиј почнал да се гради во 2016 година на темелите на стара црква која се наоѓала на ова место, за која не се знае со точност од кога датира.



## Беседа за добитничката на Светската награда за хуманизам Светлана Мојсов

Во Куќата на Уранија (МАНУ) во Охрид, на 9 август се одржа беседа за лауреатот на Светската награда на хуманизмот за 2025 година, што ја доби Светлана Мојсов, професор на Универзитетот Рокфелер во САД. Со оваа награда Охридската академија на хуманизмот го слави името на Свети Климент Охридски на сите светски меридијани.



## Нуркач исчезна во водите на Охридското Езеро

Инцидентот на 9 август бил пријавен во СВР Охрид и Езерската полиција околу 13:15 часот. Според пријавата Илија Танчев (52) од Република Бугарија, исчезнал при нуркање на длабочина од 89 метри во водите на Охридското Езеро, над селото Трпејца на кое бил заедно со уште едно лице. Во месец ноември граѓанското здружение „БРАВО“ од Пловдив, Република Бугарија“, донираше софистициран подводен дрон на Клубот за подводни дејности „Охрид“ од Охрид кој треба да помогне во потрагата по исчезнатиот бугарскиот нуркач.



## Одбележана 90-годишнината од раѓањето на Живко Чинго

На 13 август во Велгошти во организација на Општина Охрид се одржа традиционалната манифестација „Вечер на Чинго“, посветена на 90-годишнината од раѓањето на големиот македонски раскажувач Живко Чинго. На Дијана Петрова, авторката на најдобриот расказ од Конкурсот „Живко Чинго“ симболично и беше врачена наградата за расказот „Мизенабим“, а беше промовирана и книгата „Наградата Живко Чинго – од востановувањето до денес“ од охридскиот новинар и публицист Милчо Јованоски. Издавач е Општина Охрид.



leonardo pizza
since 1991

DEADOR
BETTER BUILDING
STANDARDS

ΚΑΔΜΟ BAR
since 2006

## Ѕвездено финале на„Summer comedy marathon 2025“

Публиката на исполнетата летна сцена Долни Сарај вечерта на 13 август уживаше во настапот на извонредните балкански стендап комичари Никола Тодороски – Македонија и Срѓан Олман – Србија. Непосредни и креатривни Никола и Срѓан воспоставија супер врска со гледачите, приредувајќи им вечер за паметење која заврши со стоечки аплаузи. Со нивното шоу заврши седмото издание на „Summer comedy marathon“ кое понуди 21 настан, а 19 беа целосно распродадени.



## 37. издание на „Поетска ноќ во Велестово“

На 16 август свечено беше отворено 37-то издание на интернационалната културна манифестација „Поетска ноќ во Велестово” во рамки на која настапија шеснаесет поети, музичари и уметници од од шест држави: Ирска, Азербејџан, Хрватска, Романија, Бугарија и Македонија. Постерот за 37-то издание на фестивалот беше посветен на пеперутките на Галичица, со цел да се подигне свеста за нивната заштита. Автор на постерот е Андреј Павлов.




## Охридски вински салон „Над Езерото“

На Долни сарај на 16 август се одржа Охридски вински салон „Над Езерото“ (Above the Lake 2025) – манифестација која ја промовира винската култура. Настанот што го организира ресторанот „Канео“ годинава привлече 30 македонски винарии кои се претставија со над 300 етикети вино и вински дестилати.



## „Охрид џез фестивал 2025“

Првата вечер на 22 август донесе вистинска магија со настапот на Чалгија Саунд Систем, кои ја споија традицијата со џезот и ја воодушевија охридската публика. Втората вечер настапи Павле Камилоски со неговиот класичен џез, а фестивалот беше затворен со меѓународен џез спектакл со Томи Пуриќ и Balkan Jazz Group. Гости на финалниот концерт беа Ѓоко Алоски (труба) и Наум Џуклески (хармоника).



## Охридски филмови на фестивал во Бирмингем

На 85 издание на фестивалот за краток документарен филм, што се одржа под покровителство на UNICA во Бирмингем, Англија, од 17 до 22 Август, во конкуренција на 80 краткометражни филмови од 24 земји, беа прикажани и три филмови од Македонија, два од нив на охридски автори - „Киното Охридско Езеро“ од Љупчо Паункоски и „Страсна недела“ од Томе Љушев кои влегоа во официјална конкуренција и добија дипломи.




## Броз и Марама триумфираа на 32. издание на „Охрид фест“

Последниот викенд од август го донесе 32. издание на фестивалот Охрид фест – Охридски трубадури, што се одржа на сцената Долни сарај. Според гласовите на публиката за победник на „Охрид фест 2025“ беше прогласен српскиот пејач со македонско потекло Ангело, додека со одлука на стручното жири за победник на фестивалот беше прогласено популарното охридско дуо Броз & Марама.





## Две охриѓанки меѓу најдобрите македонски инженери

На свеченост што се одржа на 3 септември на Плаошник во Охрид, беше врачено признанието „Инженерски прстен“ за 2025 година на најдобрите 14 дипломирани студенти на инженерските факултети во Република Македонија. Меѓу наградените беа охриѓанките Харитина Сакова која дипломира на Машинскиот факултет во Скопје и Рената Павлеска дипломец на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.



## 16 години од несреќата на бродот „Илинден“

Несреќата се случи на 5-ти септември 2009 година во 10:30 часот на околу 250 метри оддалеченост од брегот на Охридското Езеро, кај автокампот „Елешец“. Бродот „Илинден“ потона со 57 патници при што загинаа 15 бугарски туристи. На 16-годишнината од бродската несреќа пред спомен обележјето на загинатите патници се поклонија делегации на градот Охрид на Бугарската амбасада и конзулат во Македонија, Капетанијата на пристаништата и граѓански здруженија.



## Промовирана фотомонографијата „Свето Таинство“ од Зоран Летра

Црно-бели фотографии кои во себе кријат приказна, зграпчуваат минливи моменти од секојдневниот живот, но и евоцираат одредена атмосфера или разјаснување на наратив се содржани во фотомонографијата – „Свето Таинство“ на охридски фотограф Зоран Велјаноски Летра која на 9 септември беше промовирана во Лапидариумот. Фотомонографијата содржи 90 фотографии со мотиви од Охрид и 9 текстови од еминентни уметници, професори и истражувачи.



## Масовно одбележан празникот Св. Маченички Софија, Љубов, Вера и Надеж

Во црквата посветена на Св. Маченички Софија, Љубов, Вера и Надеж во Лагадин, на 30 септември масовно беше одбележан празникот посветен на светите маченички. Малата црква во Лагадин во 2000 година ја изгради охриѓанецот Љупчо Патче. Тој средствата кои се собираат во црквата на овој ден ги донира во хуманитарни цели.



LTH Learnica

KARMEN
baucentar

BEKAMENT KNAUF MARAZZI
SWISS KRONO clever MAPEI
URSA uralita DEWALT STANLEY
BOSCH SOUDAL VELUX




Baucentar Охрид ул.. Железничка бр.3 тел / факс: +389 46 258 285 / info@baucentar.mk
Baucentar Скопје ул. Качанички Пат бр.250 тел: +389 2 3096-030
Baucentar Штип ул. Гоце Делчев бр.26 тел: 070 210 818

## „Мрежите духови“ уништуваат живеалишта на многу ендемски видови

172 „мрежи духови“ во должина од над 11 километри, се извадени од Охридско Езеро на македонска страна во 2025 година. Најголемиот дел од нив се со димензии на окца за лов на пастрмка и белвица. „Мрежите духови“ не ловат само риби, ловат и птици и ракови и се што ќе помине на местото каде се стојат. Воедно уништуваат живеалишта на многу ендемски видови, објави во октомври ЈНУ „Хидробиолошки завод“ од Охрид.



## Реставрирано вредното „Пчињско изборно евенгелие“

Најстариот ракопис зачуван во стариот – редок фонд во НУ Библиотека „Григор Прличев“ од Охрид „Пчињското изборно евангелие“ од 16 век, во октомври беше вратено во депото на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ во Охрид. Ракописот бил пронајден од страна на книжевниот историчар и истражувач на стари ракописи Михајло Георгиевски во необработениот фонд во библиотеката во 1999 година. Станува збор за многу вреден материјал, словенски ракопис кој што внимателно е заштитен од конзерваторски тим на НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје.



HOTEL
ALEKSANDRIJA

www.hotelaleksandrija.com



## Промовирана книгата „Охридски фолклористи”

Во спомен куќата на Григор Прличев на 22 октомври беше промовирана книгата „Охридски фолклористи” од авторите проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на општина Охрид. Книгата како што беше посочено на промоција е сведоштво за вековната духовна и културна ризница на Охрид која ја одржува жива традицијата и ја слави нашата национална и културна идентитетска цврстина.




## Премиера на „Парите се отепувачка“ во Народен театар Охрид

На 31 октомври Народниот театар Охрид премиерно ја изведе претставата „Парите се отепувачка“ од Ристо Крле, во режија на Андреј Цветановски. Во претставата играат: Стрезо Стаматовски (Митре), Филип Кипровски (Анѓеле), Марија Новак (Мара), Адријана Билаловиќ – Тодороска (Ката) и Никола Тодороски (Софре). „Парите се отепувачка” е класика за македонската драматургија, еден од првите текстови во македонската драма, своевидна античка трагедија на македонски начин.





## Убедлива победа на Кирил Пецаков и ВМРО ДПМНЕ на локалните избори

Кирил Пецаков од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата е реизбран за градоначалник на Охрид. Пецаков освои 16 565 гласа, или 63,91 отсто од вкупниот број гласачи во општината кој изнесува 52 580. Кандидатот на СДСМ и коалицијата Асен Шајн освои 6 151 глас или 23,73 отсто, независниот Гоце Цветкоски – 830 гласа (3,20%), а Стевче Стевоски од Твоја партија – 450 (1,74%). Во Советот кој брои 23 члена, ВМРО ДПМНЕ освои 13 мандати, СДСМ и коалцијата - 5, ЗНАМ - 2, Левица - 1, Демократската партија на турците - 1 и ГИ Р. Хода - 1.

## Венко Пашовски реизбран за претседател на Охридскиот музички еснаф

На 3-то редовно изборно Собрание на здружението „Охридски музички еснаф“, за претседател реизбран беше Венко Пашовски. Собранието избра и членови на Извршниот одбор на здружението кој го сочинуваат: Кирил Белистојаноски, Ангел Трајкоски, Петар Паскали, Кирче Аслимоски и Тони Вретоски.





## „За посреќно детство“ го исполни градскиот плоштад со детски насмевки

Забава, дружење, спорт и многу награди понуди традиционалната хуманитарна и спортско-рекреативна акција „За посреќно детство“, што се одржа на градскиот плоштад на 4 октомври во организација на Црвениот крст Охрид и Стоматолошкиот центар „Д-р Баткоски“ кој и оваа година подготви голем број изненадувања, како и бесплатни корисни совети и препораки за грижа и заштита на здравјето на устата и забите кај децата и возрасните.

## Злато и две сребра за учениците на РЦСОО „Ванчо Питошески“ во Бар

Во период од 5-ти до 8-ми октомври во Бар, Црна Гора, се одржа 13-тиот меѓународен натпревар на ученици од угостителско-туристички училишта (GATUS 2025). Во конкуренција на 10 училишта од поранешните југословенски простори, учениците од РЦСОО „Ванчо Питошески“ – Охрид освоија златен медал во дисциплината „Туристички аранжман” и два сребрени медали во дисциплините „Готварство“ и „Угостителско послужување“.





S&S Winery



# Семејна винарија “Стојан и синови”

## Традиција во производство на вино - Шутароски
## “Чекоштина” - Охрид, Македонија

**Сместени во непосредна близина на пештерската црква св.Еразмо со поглед кон синилото на охридското езерото и белите врвови на Јабланица живее интересна приказна за виното која сакаме да ја споделиме со сите добронамерници и позитиви на денешното живеење.**























**Ве очекуваме на ново винско искуство!**

**www.sswinery.com**

## Почина новинарот и публицист Владимир Ангеличин-Жура

На 78-годишна возраст, на 1 ноември во Охрид почина познатиот охридски новинар и публицист Владимир Ангеличин-Жура. Во својата богата професионална кариера Владо Жура бил уредник на Радио Охрид (1961-1975), а потоа уредник на весникот на ГП „Трудбеник" во Охрид (1975-1997). Автор е на повеќе книги од кои посебен интерес побудува „Жура за Жура" (1995, две изданија). Од рани години се занимава со документарна и уметничка фотографија, познат е и како рецензент и промотор на бројни книги, фотоизложби и музички настани. Добитник е на највисоки општински награди и други признанија.



## 81 година Охрид слободен

Десеттици млади животи згаснаа во борбите за ослободување на Охрид што партизанските одреди ги водеа со фашистичкиот окупатор на 7-ми Ноември 1944 година. Благодарение на нивното херојството 81 година подоцна Охрид е слободен град, светска туристичка дестинација, културна престолнина и духовна мека на македонскиот народ. Денот на ослободувањето од фашизмот Охрид го одбележа со свечена академија „Охридска музичка антологија", што се одржа во центарот за култура „Григор Прличев".



## Отворена ретка и значајна уметничка изложба на Славко и Никола Упевче

Ателјето и галерија УПЕВЧЕ во чест на 7-ми Ноември, во „Куќата на Робевци" ја отвори изложбата „Охрид преку делата на Славко и Никола Упевче". Посетителите имаа можност да ги погледнат ликовните дела „Охрид во минатиот век преку цртеж, акварел, акрил и пастел" од Славко Упевче и мозаикот „Градски часовник" на јужниот ѕид од црквата Света Богородица Челница во Охрид (механизам на часовникот Борис Упевче), како и изработка на „Мозаична мапа на град Охрид и Лихнид", дела од Никола Упевче.



## 70 години Здружение на глуви и наглуви лица Охрид

Здружението на глуви и наглуви лица Охрид на 27 ноември го одбележа јубилејот 70 години постоење. На настанот на кој присуствуваа членови на Здружението и соработници, низ емотивни излагање беа изнесени интересни факти за активностите кои ги одбележале годините постоење, придонесот на Здружението, но и на поединци во неговиот развој.



TOP market

Гостилница
Боем
основана 2017г.

OLD TRADITION
1928

ОРИГИНАЛЕН ОХРИДСКИ БИСЕР
МИХАЈЛО ФИЛЕВ

## Доделени највисоките општински признанија

На свечена академија што се одржа на 8 Декември во катедралната црква Св. Софија, наградата за животно дело „Св. Климент Охридски – Патрон на градот Охрид“ за 2025 година постхумно беше доделена на истакнатиот охридски новинар, хроничар и публицист Владимир Ангеличин Жура, кој почина во ноември во 78 година од животот. Наградата ја прими неговиот син Филип Жура. НУ „Завод и Музеј“ Охрид, Јорданка Матова, „Силви Бенд“, Даниел Јовески и The Back-door Band се добитници на Повелбата-Патрон на градот „Свети Климент Охридски“.



## Промовирано проширеното издание на „Охридски летопис“

Автори на делото се проф. д-р Павле Митрески и м-р Димитар Смилески. Со нивното заедничко дело Охрид добива еден вид енциклопедија и водич низ историјата на градот со долговековна историја и традиција. Истражувачкиот дух на авторите ни носи едно дело, кое на многу концизен начин не води низ милениумите на Охрид и ќе претставува драгоцено четиво за идните истражувачи, истакна промоторот на книгата, проф. д-р Ѓорѓи Тоноски.









## Значајна донација за Хидробиолошки завод - Охрид

Со донација од Турската агенција за соработка и координација (ТИКА) комплетно се реновирани и опремени одделението за фитопланктон и Одделението за зоопланктон во ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид кој уште доби и возило и современ микроскоп. Претседателот на ТИКА, Абдула Ерен ја потенцираше свесноста за зачувување на животната средина, посебно за зачувување на Охридското Езеро кое е многу значајно не само за Р.С. Македонија, туку и за Европа.



## Пецаков на чело на Советот за развој на Југозападниот плански регион

Градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков е избран за претседател на Советот за развој на Југозападниот плански регион на конститутивната седница на советот, што се одржа на 22 декември во Охрид. Одлуката за избор била донесена едногласно од сите присутни градоначалници, а согласно Законот за рамномерен регионален развој, градоначалникот Пецаков ќе биде на оваа функција со мандат од една година.



СТОМАТОЛОШКА КЛИНИКА
DENTORIA

IN
CABARET
INCLUSIVE


ArtSpace
creative studio
ПОДАРЕТЕ СЕКОГАШ УНИКАТНО!
ONLINE ПРОДАВНИЦА ЗА
ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ ПОДАРОЦИ
www.artspace.mk
ArtSpace
creative studio
www.artspace.mk

tapni
ВАШАТА ДИГИТАЛНА
ВИЗИТ КАРТИЧКА
tapni
tapni
tapni
tapni
tapni
@tapni.mk
www.tapni.mk

DIGITALBOX
production
@digitalboxmk
@digitalboxmk
Always ready to create your best memories...

# ВОЛШЕБНА НОЌ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА ВО ОХРИД СО „ЗИМСКА БАЈКА“

По деветти пат во организација на „Охридњуз“, на 27 декември во Центарот за култура „Григор Прличев“ се одржа културно-забавниот настан „Зимска бајка“, кој оваа година беше во знакот на македонска современа поп музика и креативниот хумор.

Бендот на „Зимска бајка“ составен од врвни музичари од Охрид и земјата, со изведувачите Драган Василески – Пајо, Емилија Колоска и специјалниот гостин на шоуто Ристо Самарџиев, приредија волшебно музичко доживување. Тие заедно со публиката во исполнетата голема сала на центарот за култура испеаја дел од најпопуларните забавни рефрени како „Не ме допирај“, „Кога те нема“, „Добро утро таго“, „Не заборавај“, „Оган под ѕвездите“, „Бела“, „Таму кај што си“, „Дирлада“ и други.

Домаќини на шоуто беа единствените, оригинални и уникатни браќа, познатите охридски актери и комичари Никола Тодороски и Стрезо Стаматовски – алијас „2 Mothers brothers“, чиј авторски материјал ексклузивно и премиерно се подготвува и изведува само за овој настан. Тие се осврнаа на актуелните состојби во општеството и турбо фолк музиката како феномен.














# 20 ГОДИНИ ЛТХ ЛЕАРНИЦА ОХРИД

Во март 2005 година како дел од тогашната ТЦГ Групација започна со работа денешната ЛТХ Леарница во еден дел од поранешниот индустриски комплекс на ХТД-Застава. Во објект и опрема во доста лоша состојба својот работен век го продолжија 90 вработени. Производството се одвиваше главно рачно и претежно со доста физичка работа.

Во 2010 година, компанијата се преименува во ЛТХ Леарница, како дел од словенечката ЛТХ Кастингс Група. Тогаш се утврдија новите стратешки приоритети на компанијата во однос на нејзиниот натамошен развој, таргетирање на 100% автомобилска индустрија и интензивен план за инвестиции и технолошки развој.

Денес ЛТХ Леарница, е лидер во полето на развој, леење, обработка и монтажа на високо комплексни компоненти од алуминиум, како и изработка на алати наменети за сопственото производство, еден од стратешките добавувачи во автомобилската индустрија. Изработува алуминиумски делови за автомобили како делови за мотори, антивибрациски делови, делови за управување, куќишта за електроника за електрични автомобили, кои можат да се најдат во најголемите автомобилски имиња во Европа, како Mercedez-Benz, BMW, VW, Volvo, TESLA итн.

Во изминатите години компанијата интензивно инвестираше во проширување на своите производствени капацитети со голем фокус на автоматизацијата и дигитализација на процесите. Во моментов, ЛТХ работи со тим од 530 вработени, на кои им овозможува континуирано професионално унапредување и учење.

Компанијата фокусот го става на енергетската ефикасност и намалувањето на употребата на енергенси во работењето, последично намалување на емисиите на $CO2$, а како примарни енергенси користи ТНГ и електрична енергија.

Како општествено одговорна компанија, континуирано ја поддржува заедницата преку спонзорства и учество во бројни настани и иницијативи од локално значење.

Плановите на компанијата во иднина се однесуваат на зголемување на обемот на работа како и на додадената вредност по производ.





# ЦРВЕН КРСТ ОХРИД – ОСУМ ДЕЦЕНИИ СВЕТИЛНИК НА ХУМАНОСТА

Осум децении Црвен крст Охрид е синоним на посветена работа за доброто на заедницата и пример за општествено делување.

Секој ден од изминатите 80 години делување на Црвен крст Охрид има некоја хумана приказна која допира до нечие срце, хуман гест кој усреќува некого. Во благородната мисија на Црвен крст Охрид вградени се генерации хумани охриѓани кои несебично дарувале дел од своето време, живот и кариери на активности за помош и поддршка на оние на кои најмногу им треба, на ранливите категории граѓани, социјално загрозените, маргинализираните, на лица со тешка животна судбина, погодени од несреќи и непогоди, стари, изнемоштени...

Од основањето во 1945 година па се до денес, оваа организација е жив сведок и активен учесник во сите кризни ситуации, здравствени, социјални, природни катастрофи, но и секојдневна потпора на многу семејства. Во сите овие години волонтерите од Охрид и Дебрца со љубов и несебичност покажаа што е вистинска хуманост.

Дел од Црвениот крст Охрид е и Службата за спасување на планини и непристапни терени со што безбедноста на градот како туристичка дестинација се издигна на исклучително високо ниво, неопходно за развој на современ туризам.






Со своите активности и дела изминатите осум децении, Црвен крст Охрид несомнено е еден од најпозитивните примери во заедницата и инспирација за хуманост и солидарност кај луѓето од сите генерации.






# УМЕТНОСТА НА ЈОРДАН МАНАСИЈЕСКИ Е НОВА ГАЛАКСИЈА

Уметноста на академскиот сликар Јордан Манасијески кој во 2025 година одбележа 55 години уметничко творештво, отвора нови димензии и патува низ времето и просторот. -Ова сликарство не може да е во корелација со сликарството кое ни е наметнато. Неговото сликарство е говорот на љубовта преку боите, преку потезите, зошто работи директно според пулсот на неговото срце. Тој ја создава музиката на душата која одѕвонува и ќе одѕвонува и кога нема да постои човештвото, бидејќи таа е дел од една нова галаксија. Неговото сликарство, неговиот опус кој допрва ќе биде предмет на проучување и кое е дел од една сериозна творечка вертикала на ова поднебје, е всушност новата галаксија која е веќе создадена, осветлена од внатрешната светлина која извира од овие слики, галаксија која слободно можеме да ја наречеме Јорданова, ќе рече историчарот на уметност Владо Ѓорески - Рафик на промоцијата на Монографијата посветена на творештвото на Јордан Манасијески, што се одржа во Охрид минатиот јуни.

Творештвото на уметникот Јордан Манасијески не обврзува како поединци, институции и општество да продолжиме со презентирање и промоција на неговото дело, а во таа насока радува што идејата за основање на институт за




анализа на неговото сликарство е веќе родена, како предвесник на идејата за музејски простор, во кој би било достапно целокупното негово творештво.

Уметноста на Манасијески кој се смета за еден од најголемите културни амбасадори на Охрид, е претставена во Токио, Њујорк, Венеција, Фиренца, Париз, Верона, Палермо… Тој е добитник на награди од повеќе уметнички центри, меѓу кои интернационалната „Микеланџело“, на биеналето на нациите во Венеција, од Јапонската асоцијација на современа уметност и други.

Охрид и охриѓани се благословени што го има големиот Јордан Манасиејески - врвен уметник кој создава безвременски дела преку кои не препознава светот.



# ПРОФ. Д-Р ПАВЛЕ МИТРЕВСКИ: НАЈСТАРИОТ АКТИВЕН НАУЧЕН РАБОТНИК ЧИИ ДЕЛА ФРЛААТ НОВА СВЕТЛИНА НА НАШЕТО МИНАТО

Животниот пат на проф. Д-р Павле Митревски, познат историчар и истражувач кој со својот огромен истажувачки труд осветли бројни страници од македонската историја, влезе во десеттата деценија. Тој е пример дека со истрајна и посветена работа се доаѓа до исклучителни резултати, за што говори фактот дека во текот на своето творење и пишување, со што активно се занимава и во 94-та година од животот, има објавено преку 15 научно-истражувачки трудови од исклучитено значење за Македонија, а посебно за Охридско-струшкиот регион.

2025-та не беше исклучок. Проф. д-р Павле Митревски заедно со м-р Димитар Смилески, во декември ја објавија заокружената целина на книгата „Охридски летопис“. Со ова нивно заедничко дело, Охрид се здоби со еден вид енциклопедија и водич низ историјата на овој град со долговековна историја и традиција.

Проф. д-р Павле Митревски е неуморен раскажувач на минатото на Охрид и регионот. Тој го афирмира градот во меѓународни рамки бидејќи од неговите книги учат најголемите



промотори на Охрид и охридското културно наследство. Неговото име е длабоко врежано во современата македонска историографија.

Павле Митревски и припаѓа на втората генерација македонски историчари научници. Тој е ученик на академик Љубен Лапе, кој заедно со академик Александар - Цанко Христов, Данило Заграфски, Методија Соколовски и други, ги удрија темелите на современата слободна македонска историска научна мисла.

Творештвото на проф. Д-р Павле Митрески импресионира и инспирира.

BELVEDERE
Hotel
VILA
BISERA

# 90 ГОДИНИ ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД ОХРИД: ИСТОРИЈА, ТРУД, НАУЧНА ЉУБОПИТНОСТ И ПОСВЕТЕНОСТ ВО ЗАШТИТАТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид во 2025 година, одбележа 90 години од основањето.

Во 1935 година во време кога науката за копнените води беше во своите почетоци, токму овде на бреговите на Охридското Езеро се поставија темелите на првиот научно - истражувачки центар од ваков вид на Балканот. Благодарение на визионерството на научникот академик Синиша Станковиќ започнува една нова ера на систематско проучување на езерото и богатата флора и фауна со бројни ендемични и реликтни видови.



Од станица установата станува Завод организиран по углед на две многу познати лимнолошки станици во Европа, во Австрија и Германија, а во 1961 година и самостојна научна организација која во 1994 година е запишана во регистарот на организации за научно-истражувачка дејност во Р. Македонија. Денес, Хидробиолошкиот завод Охрид е институција од стратешко значење за државата.




Заводот има капацитет и компетентност да ги следи состојбите на сите природни и вештачки езера во државата и со тоа да обезбедува стратешки податоци за управување со водните ресурси. Институтот врши и активна заштита на животната средина.



Акцентот, разбирливо, е ставен на проучување и заштита на Охридското Езеро и живиот свет во него. Хидробиолошкиот заводот има мисија. Установата е на некој начин ин витро оплодувач на охридската пастрмка со својот инкубатор – мрестилиштето, без кое, овој ендемски вид, би исчезнал од езерските води, ќе рече претседателката на државата Гордана Сиљаноска Давкова.

Хидробиолошкиот завод е темел на научното проучување на Охридското Езеро, нашето непроценливо богатство. Од своето основање до денес тој ја носи мисијата да ја чува неговата уникатна флора и фауна, да ја објаснува неговата тајна долговечност и да создава мост помеѓу науката и општетсвото.



## ГРК ОХРИД ИСПИШУВА ПОБЕДНИЧКА ИСТОРИЈА

2025 година на спортски план несомнено ја одбележа Градскиот ракометен клуб Охрид. Првенството клубот го заврши со пласман во ЕХФ Европскиот куп, каде во сезоната 2025/26 мина две пречки и за прв пат во својата историја презими во Европа.

Екипата по завршување на Супер лигата отпочна нов проект. Во градот под Самуиловите тврдини дојде Борис Ројевиќ и неговата работа почна да се чувствува веднаш.

ГРК Охрид во подготвителниот период триумфираше на 53 издание на турнирот во Струга, а потоа за прв пат го освои и Меморијалниот турнир „Крсте Андоновски“ совладувајќи го во финалето актуелниот првак Еурофарм Пелистер, над кого триумфираше подоцна и во првенството.

ГРК Охрид во тврдината „Билјанини извори“ ги сомле Баки од Азербејџан во два меча 44:11 и 38:21 и Добој 37:19, а славеше убедливо и на реваншот во БиХ 18:42, со што обезбеди 1/8 финале во ЕХФ Европскиот куп каде ќе се сретне со Дукла Прага.

Освен сениорскиот погон, под полна converted парea работат и младинските категории на ГРК Охрид, чии пионери во 2025 година станаа шампиони на Македонија совладувајќи ги врсниците од Еурофарм Пелистер и Вардар на завршниот турнир во Битола.













ЈАНУАРИ СПОРТ 2025

**Фалангата со охридска поддршка**

Македонската ракометна репрезентација на Светското првенство 2025 што се одигра во Хрватска, Норвешка и Данска во јануари, имаше голема поддршка од верните навивачи, меѓу кои и голем број охриѓани.



**Петар Бошалески ново засилување на ГКК Охрид**




Петар Бошалески во јануари го засили ГКК Охрид. Тој дојде од редовите на прволигашот Пелистер. Петар е репрезентативец на Македонија кој ги има поминато сите младински категории на репрезентативно ниво.



**ГРК Охрид 4-ти на турнирот „Вук Рогановиќ“ во Белград**

Ракометарите на Охрид претрпеа пораз во натпреварот за трето место на меморијалниот турнир „Вук Рогановиќ“ во Белград од Динамо Панчево 33:29. На турнирот триумфираше екипата на Нексе од Хрватска која во финалето го совлада Партизан со 27:25.



**Охридските каратисти меѓу најдобрите**




Карате федерацијата на Македонија на гала свеченост ги прогласи најдобрите. Охридските каратисти Дамјан Митревски од карате клуб “Кун-су-то” и Мартина Петреска од карате клуб “Чоле” Охрид беа избрани како дел од најдобрите каратисти во своите категории.



ФЕВРУАРИ СПОРТ 2025

**Две охриѓанки на ЕП во карате**

Членовите на охридските карате клубови “Кун-су-то”, Анастасија Смилевска и карате клуб “Чоле”, Мартина Петреска, како дел од Македонската карате репрезентација во февруари отпатуваа за Полска на Европското карате првенство.



**Марко Петрески со две одличја на „Солун Кендо куп“**



Во конкуренција на 170 натпреварувачи од 34 клубови и 14 држави, во индивидуалниот натпревар, Марко го освои второто место во категоријата пионери. Во екипниот дел, заедно со неговиот јуниорски тим, го освоија третото место.



**Солиден резултат на охридските боксери**

Во 5 коло од Опен Балкан купот што се одржа во Пирот, Р. Србија, настапија пет боксери од клубот “Алексо Огненовски”. Охридските боксери на натпреварот забележаа две победи.



**Одличен старт на М.Т.Т.Ф.**



Македонската традиционална таеквон-до федерација (М.Т.Т.Ф.) ја започна натпреварувачката година со учество на Меѓународниот натпревар “Тирана Опен 2025” во соседна Албанија, со 17 златни, 5 сребрени и 13 бронзени медали, како и 5 пехари за најдобри поединци.

**40 години Клуб за подводни дејности Охрид**

Клубот за подводни дејности „Охрид“ од Охрид, во март одбележа 40 години постоење. Клубот е препознатлив по бројните еколошки акции и активности. Свеста кај луѓето тешко се менува, а нуркањето е начин на живо, велат чуварите на Охридското Езеро.





**Охрид го доби „Fit Box“**

Во ново отворениот модерен мултифункционален спортски комплекс лоциран на ул. Егејска бр.6/А, веднаш зад „Бисер“ (хала Отекс), има извонредни услови за функционални тренинзи и фитнес, а во склоп на центарот работи и боречкиот клуб „Аждер“.



**Анастасија Смилевска тримфираше на “Grand prix Macedonia”**

На меѓународниот карате турнир “Grand prix Macedonia” што се одржа во Скопје, каратистката од КК “Кун-су-то” - Охрид, Анастасија Смилевска, во категорија кадетки до 61 килограм го освои првото место, победувајќи противнички од Македонија, Србија и Бугарија.





**Сребрен медал за охриѓанецот Ненад Целески**

Натпреварувачи од 40 држави од целиот свет во март дојдоа во Скопје по бодови за олимписка норма на Скопје ОПЕН 2025 Г1 турнирот, на кој Ненад Целески од ТК „Хваранг Фист“ освои сребрен медал во категорија јуниори +78 кг.





**Успешен старт на Охридските боксери**

Штип беше домаќин на првото коло од бокс лигата на Македонија. Охридските боксери од клубот “Алексо Огненовски”: Михаил Аврамоски, Петар Трајчески, Христијан Стојаноски и Енис Алиу забележаа победи и најавија успешна сезона.



**ФК Воска Спорт се повлече од ПМФЛ**

ФК Воска Спорт на 26 април објави дека се повлекува од македонската Прва лига, откако Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) ги санкционираше за недозволено напуштање на теренот на првенствениот натпревар со Вардар.



**Полумаратонот во Дубровник со охридски шмек**

Македонскиот атлетичар, олимпиецот Дарио Ивановски, кој беше дел од спортската експедиција на „Охрид трчаТ“, победи на полумаратонот во Дубровник (Du motion), што се одржа на 27 април низ улиците на светски познатиот туристички центар.





**Репрезентацијата на М.Т.Т.Ф. на Европско првенство во Талин**

Репрезентацијата на М.Т.Т.Ф. зеде учество на Европското првенство во Талин, Естонија со шест натпреварувачи: Христијана Парулеска, Давид Крстески, Божидар Димитриевиќ, Миа Танеска, Марио Крстески и Владимир Димитриевиќ, и четири членови на стручниот штаб.

## МАЈ СПОРТ 2025

### Владимир Димитриевиќ се закити со бронза на ЕП

Бронзен медал освои Владимир Димитриевиќ на Европското Таеквон-до ИТФ првенство кое се одржа во Талин, Естонија. Ова е шесто последователно Европско првенство со медал за Македонската Традиционална Таеквон-до Федерација.





### Боксерски спектакл во Охрид

Во мај Охрид беше домаќин на финалето на Опен Балкан купот во бокс во чии рамки беше одржан и третиот меѓународен меморијален турнир “Алексо Огненовски”. Втора година по ред финалето на Опен Балкан лигата се одржува во Охрид.



### Нови рекорди на Охрид Ултра-Треил

7-то издание на Охрид Ултра-Треил што се одржа од 23 до 25 мај 2025 година донесе рекордни 650 учесници од 42 земји. Гркот Теодорис Зиакас го одбрани тронот во машка конкуренција, додека кај жените триумфираше Натали Капцалова од Чешка.





### Пионерите на ГРК Охрид шампиони на Македонија

Пионерите на ГРК Охрид го совладаа Еурофарм Пелистер 2 со 12:21 во финалето од Пионерската лига што се одигра во Битола. Претходно во полуфиналето, охридските ракометни надежи кои ги предводи Наум Бабачев, беа подобри и од врсниците од Вардар.

## ЈУНИ СПОРТ 2025

### Дарио Ивановски со рекорд на „Охрид трчаТ“

Дарио Ивановски од АК „Скопски маратон“, е победник на полумаратонот на 9-то издание на Атлетскиот викенд „Охрид трчаТ“. Тој патеката од 21 километар ја мина за 1:08:53, што е за повеќе од една минута подобро од неговото победничко време минатата година (1:10:01) и нов рекорд на трката.





### Црвено црна доминација во „Билјанини извори“

Во финалето на Ф4 турнирот што се одигра на 1 јуни во салата „Билјанини извори“ во Охрид, ракометарите на Вардар го совладаа Еурофарм Пелистер со 31:27. Вардар имаше подобра енергија, го контролираше натпреварот во целиот тек и сосема заслужено стигна до победата.



### Поранешниот капитен на ГРК Охрид стави крај на играчката кариера

Крилниот играч Крсте Андоновски, со Тиквеш го одигра последниот натпревар во дресот на ГРК Охрид каде ја мина целата своја кариера. Во знак на благодарност клубот на поранешниот капитен му додели Признание за посебен придонес.





### 6 медали за веслачите од Горица Ремо

Веслачите на „Горица Ремо“ од Охрид се закитија со шест медали на Државното првенство што се одржа во Автокампот „АС“ во Струга, на кое учество зедоа четирите веслачки клубови во државата.

**АСП ПАК го освои 50. турнир „Петровден – Мешеишта“**

Во финалето на турнирот во Мешеишта исполнето со возбудувања и убави потези, екипата на АСП ПАК од Охрид славеше над Кафе Бар Коко од Скопје со убедливи 4:0. Третото место го освои Инекс Олгица Хотел и Спа по победата над Кафе бар 9 со 1:0.





**Од Охрид до спортските височини во Италија**

Сестрите Мила и Марија Климоски чие семејство повеќе од две децении живее во Италија, градат успешни кариери во одбојката и фудбалот. 16-годишната Мила стигна и до одбојкарската селекција на Бреша, а Марија настапува во регионалната селекција за играчи до 15 години.



**Сребро за охриѓанката Девран Куртис на Државното пливачко првенство**

Младата охридска пливачка Девран Куртис од пливачкиот клуб „Три Дисциплини“ -Струга освои сребрен медал во дисциплината 50 м. делфин, на Државното првенство во пливање што во месец јули се одржа во Скопје.





**ВК „Горица Ремо“ го чува споменот на Јулијана Николиќ**

Веслачкиот клуб „Горица Ремо“ најави одржување Меморијална трка во чест на незаборавната веслачка Јулијана Николиќ. На овој начин клубот и оддава почит на големата шампионка и потсетува на нејзината извонредност и придонес за веслањето.





**АСП ПАК победник на турнирот „Велгошти 2025“**

Екипата на АСП ПАК триумфираше на 20-то јубилејно издание на турнирот во мал фудбал „Велгошти 2025“. Во финалето што се одигра на 7 август, АСП ПАК со 3:0 ја совлада екипата на Гранит Х. Третото место го освои екипата на Сатеска.





**3 издание на „Ohrid Water Festival“**

Од 16 до 30 август под покровителство на Општина Охрид се одржа 3 издание на спортската манифестација „Ohrid Water Festival“, која ги популаризира водените спортови и ги промовира уникатните потенцијали на најголемиот туристички центар во земјава.



**Марко успешно го заврши подвигот долг 107 километри**

Ако некој се сомневаше во „супер моќите” на Марко Пејчиновски, повеќе нема. Тој на 28 август успешно го заврши модифицираните „Ironman“ подвиг долг 107 километри. Марко трчаше од Охрид до Струга од каде со велосипед се врати назад и пливаше до Охрид.





**4 победници на прекинатиот Охридски пливачки маратон**

По 4,5 часа пливање трката беше прекината поради силни бранови, ветер и грмотевици. Во тој момент во машка конкуренција израмнети на првото место беа италијаните Матео Фурлан и Федерико Тамборино и аргентинецот Матијас Диас Хернандес, а водечка во женска конкуренција беше Мајте Ајлен Пука од Аргентина.

## СЕПТЕМВРИ СПОРТ 2025

### ГКК Охрид ја подигна кошарката на ново ниво

Охрид во септември беше домаќин на вториот Меѓународен турнир „Охрид 2025“, на кој  учествуваа 10 екипи од 7 различни земји. Кошарката беше главна тема 4 дена, а во Охрид продефилираа бројни таленти кои се иднина на играта под обрачите.





### Снукерот претставен пред младите во Охрид

Снукер федерацијата на Македонија заедно со најдобрите играчи во земјава го претставија снукерот пред ученици од средното стручно училиште ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ во Охрид, каде на иницијатива на ГРАН КЛУБ СНУКЕР – Охрид е поставена професионална снукер маса.



### Охрид не го заборава Драге Челик

Фудбалски ветерани од Охрид и Дебрца одиграа натпревар во знак на сеќавање на познатиот фудбалер, тренер и спортски работник Драге Илчески – Челик (1960 – 2020). На меморијалниот меч, што се одржа по втор пат, настапија познати фудбалски имиња од Охрид и регионот.





### Фудбалски терен во комплексот од поранешната касарна

Во рамки на комплексот од поранешната касарна започна да функционира и фудбалскиот терен на трева. Теренот, како што информира Општина Охрид, ќе се користи за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, фудбалскиот клуб „Св. Тројца“, но и за сите рекреативци.



## ОКТОМВРИ СПОРТ 2025

### „Кун-су-то” со 11 медали на „Струга опен 2025”

Каратистите од охридскиот карате клуб „Кун-су-то” се закитија со 11 медали на Меѓународниот карате турнир „Струга опен 2025″ кој се одржа во Струга, на кој учествуваа 45 клубови од шест земји и вкупно 450 натпреварувачи.





### Голема донација на ФФМ за младинскиот погон на ГФК Охрид Лихнидос

Вкупно 42 екипи кои настапуваат во Супер младинската лига, Втората и Третата младинска лига добија по 44 комплети опрема (тренерки, маици и шорцеви за тренинг, ранци), како и по 30 фудбалски топки. Меѓу нив и младинскиот погон на ГФК Охрид Лихнидос. Вкупната вредност на донацијата е 150 000 евра.



### Ненад Целески Балкански шампион во олимписко теквондо

На  Балканското првенство во олимписко теквондо, што во октомври се одржа во Дупнуца, Р. Бугарија, во конкуренција на 800 натпреварувачи, членот на ТК „Хваранг Фист“ од Охрид, Ненад Целески, стана Балкански шампион во јуниорска конкуренција +78кг.





### Две злата и две бронзи за охриѓани на „Дубровник Опен 2025“

Натпреварувачите на Таеквондо клубот „Хва Ранг ИТФ“ Лескоец – Охрид, на меѓународниот натпревар „Дубровник Опен 2025“ во Хрватска, во конкуренција на 700 натпреварувачи од 9 европски земји, освоија две златни две бронзени одличја.

**4 медали на КБС “Кун-су-то” Охрид во Дојран**

На меѓународниот карате турнир “Дојран опен 2025”, Марија Велкова во борби освои 1 во место, Елена Ѓурчиноска во борби освои 2 место, Андреј Спироски во ката освои 1 место и Софија Велкоска во борби освои 3 место.





**АСП ПАК шампион на турнирот „Ohrid FREED 2025“**

Во интересно финале, екипата на АСП ПАК извојува победа над Гранит Х со 6:4 и стана шампион на турнирот „Ohrid FREED 2025“. Во натпреварот за третото место ЈП Охридски Комуналец ја совлада екипата на Гостилница кај Мече со 3:2.



**Наум Стојаноски најборбен на „Златен гонг“**

На 54 издание на традиционалната боксерска манифестација „Златен гонг“, дел од македонската репрезентација беше Наум Стојаноски од БК „Алексо Огненовски“ – Охрид. Тој во финалето загуби од шампионот на Англија, Рио Гордон, а покрај сребрениот медал доби и пехар за најборбен боксер.





**Почина Димче Стојкоски Лепиот**

На 24 ноември во Охрид, во 87-та година од животот, почина познатиот спортски работник, писател, општествен работник, поранешен фудбалски судија и делегат и доживотен почесен претседател на ОФС Охрид, Димитрија Стојкоски, попознат како Димче Лепиот.



**ГФК Охрид есенски шампион**

Екипата на Охрид ја совладаа Слога 0:2 на гостувањето во Виница со што го освои првото место на табелата на полусезоната во Втората фудбалска лига. Стрелци на головите за екипата на Охрид Лихнидос беа Албнор Каба и Андреј Ристовски.





**Свечен пречек за Владимир Димитријевиќ**

Бронзениот медалист од Светскиот ИТФ куп - „King of Taekwon-do“ во Солун, Владимир Димитриевиќ, свечено беше пречекан во неговото училиште - СОСУ „Св. Кирил и Методиј“. Извонредниот успех тој го оствари во конкуренција на 1.400 натпреварувачи од 21 држава.



**6 медали за веслачите на „Горица Ремо“**

Веслачкиот клуб „Горица Ремо“ одново доминираше на македонската веслачка сцена. На државното првенство во ергометар, охридските веслачи освоија вкупно 6 медали, од кои едно злато, четири сребра и една бронза.





**Охрид центар на нуркачката заедница**

Во организација на Клубот за подводни дејности „Охрид“, во декември во Охрид се одржа 4-от Македонски нуркачки конгрес со меѓународно присуство. Конгресот беше посветен на прерано починатиот член на клубот Дејан Костојчиноски.

# PE LOGISTIC

**УЛ. РАШАНЕЦ 115А, СЕЛО ЛЕСКОЕЦ - ОХРИД**

DALVINA WINERY

GORSKA water

KANION feels like home

bimilk

Прилепска Пиварница

GEMAK

BOVIN WINERY

BADEL 1862 d.d.




samantha

PORTIOLI

